| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Круна | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 8 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Прецизност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 20-25 минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развие координацијата око-рака | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето прецизно ги изведува инструкциите. | |
| **Насоки** | |

**Претходна подготовка за активност**

Подготовка на хартија и ножици за изработка на оригами круна.

**Инструкции/насоки за играта**

- Започнете со превиткување нагоре на едната страна од листот. Превиткајте го листот на половина и отворете го, а потоа повторно превиткајте на половина, во друга насока;
- сега превиткајте ги сите агли во центарот;
- превртете го листот. Потоа превиткајте го горниот и долниот дел кон центарот како на примерот (прилог бр. 1). Кога ќе го направите ова, оздола ќе се појават триаголници;
- превиткајте го долниот триаголник нагоре;
- превиткајте ги двата агли нагоре;
- потоа превиткајте го триаголникот надолу;
- ротирајте/свртете го превитканиот лист. Сега повторете ги чекорите од 4 до 6;

- сега треба да го отворите листот/моделот за да ја завршите круната. Отворете ги триаголниците нанадвор и обликувајте ја внатрешноста во квадратна форма;
- превртете ја изработката. Вашата круна е завршена!

**<u>Активност/игра</u>**

На детето му се дава можност самостојно да изработи круна според дадена шема, а потоа има за задача да напише приказна за неговата круна и да ја раскаже.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| <u>Прилог бр. 1</u><br>- шема | Хартија и ножици; прибор за пишување. |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека




# Оригами КРУНА

**1**



Започни со превиткување нагоре на едната страна од листот. Превиткај го листот на половина и отвори го, а потоа повторно превиткај го на половина, но во друга насока.

**2**



Сега превиткај ги сите агли во центарот.

**3**



Преврти го листот. Потоа превиткај го горниот и долниот дел кон центарот како на примерот. Кога ќе го направиш ова, одоздола ќе се појават триаголници.

**4**



Превиткај го долниот триаголник нагоре.

**5**



6. Превиткај ги двата агли нагоре.

**6**



7. Потоа превиткај го триаголникот надолу.

**7**



Сврти го превитканиот лист. Сега повтори ги чекорите од 5-7.

**8**



Сега треба да го отвориш моделот за да ја завршиш круната. Отвори ги триаголниците нанадвор и обликувај ја внатрешноста во квадратна форма.

**9**



Преврти ја изработката.
Твојата круна е завршена!